# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.116 од 09.07.2015 година**

## Член 1

Во Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" број 55/13, 41/14 и 115/14), во членот 8 став (2) се менува и гласи:

„(2) Премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија, премерот и одржувањето на државната граница, геодетските работи за посебни намени поврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација, премерот во функција на ажурирање на податоците за недвижностите по службена должност, канцелариските геодетски работи за посебни намени, премерот во функција на изготвување на топографските карти, премерот за примателите на социјална и постојана парична помош и на лицата со ниски бруто примања до 168.000,00 денари годишно во постапката на утврдување правен статус на бесправно изградени објекти, како и другите геодетски работи пропишани со друг закон ги врши Агенцијата без надоместок."

Ставот (3) се менува и гласи:

„(3) За утврдување на работите на премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија, како и за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација, Владата на Република Македонија донесува одлука."

## Член 2

Во членот 13 став (2) по зборот „директор" се додаваат зборовите: „и за заменик на директорот".

## Член 3

Во членот 36 став (1) се менува и гласи:

„За користење и увид на податоците од ГКИС се плаќа надоместок, освен кога податоците се издаваат на судовите, јавните обвинителства, Државното правобранителство на Република Македонија и министерствата, за постапките што ги водат, како и на други субјекти во случаи утврдени со закон."

## Член 4

Во членот 125 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) Надоместокот од ставот (1) на овој член трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи можат да го намалуваат најмногу до 50%, како во случаите кога геодетските работи ги вршат по барање на странки, така и во постапките за јавни набавки за давање услуги за просторно планирање и инженерски услуги за уредување на земјиштето."

## Член 5

Членот 141-в се менува и гласи:

„(1) Судовите, министерствата, јавните обвинителства, Државното правобранителство на Република Македонија, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, нотарите, извршителите и сите други субјекти со пренесени јавни овластувања, во постапките што ги водат согласно со закон, се должни по електронски пат да ги прибавуваат податоците од ГКИС, под услови и на начин пропишани со закон.
(2) Надлежните судови без плаќање на надоместок за предбележување, до Агенцијата по електронски пат ги доставуваат правосилните судски одлуки поврзани со недвижностите, без клаузула за данок на промет, заедно со пријавите за запишување, заради нивно предбележување во катастарот на недвижности.
(3) Надлежните судови без плаќање на надоместок, во кривичните постапки, судските одлуки со кои одлучуваат за гаранциите со хипотеки на недвижен имот и за привремено обезбедување и одземање на недвижен имот, заедно со пријавите за запишување, ги доставуваат по електронски пат до Агенцијата.
(4) Државното правобранителство на Република Македонија, без плаќање на надоместок, до Агенцијата по електронски пат ги доставува исправите за правен основ врз основа на кои се врши запишување во корист на Република Македонија.
(5) Министерствата, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, нотарите, извршителите и сите други субјекти со пренесени јавни овластувања сите исправи што ги донесуваат во постапките што ги водат согласно со закон, а кои кои содржат правен основ врз основа на кој се врши запишување/промени во катастарот на недвижностите, заедно со пријавите за запишување/промени, геодетскиот елаборат и доказот за платен надоместок се должни по електронски пат да ги доставуваат до Агенцијата.
(6) Трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи се должни по електронски пат да ги прибавуваат податоците од ГКИС потребни за изготвување на геодетските елаборати.
(7) Трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи, врз основа на заверено полномошно дадено од носителот на правото, можат по електронски пат во име и за сметка на давателот на полномошното до Агенцијата по електронски пат да доставуваат пријава за запишување/промени во катастарот на недвижности, кон која прилагаат правен основ за запишување/промена, геодетски елаборат и доказ за платен надоместок.
(8) Трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи доставувањето на пријавата и прилозите од ставот (7) на овој член го вршат само доколку некој друг субјект не е овластен по службена должност, согласно со посебен закон, да врши нивно доставување.
(9) За доставувањето од ставот (7) на овој член како услуга, трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи наплаќаат надоместок од носителот на правото, односно од давателот на полномошното.
(10) Висината на надоместокот од ставот (9) на овој член се определува во зависност од реалните трошоци потребни за доставување.
(11) Висината на надоместокот од ставот (9) на овој член се утврдува со тарифникот од членот 181 и тарифникот од членот 214 од овој закон."

**Член 6**

Во членот 158-а став (2) алинеја 5 зборовите: „почетокот и крајот на" се бришат.

**Член 7**

Во членот 173 став (1) зборот „времени" се заменува со зборот „привремени".

**Член 8**

Во членот 212 по ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:
„(5) По исклучок од ставот (2) на овој член, кога не се извршени промени на граничната линија и површината на предметната катастарска парцела запишана во постапката на систематско/поединечно запишување на правата на недвижностите, а истата е запишана во идеални делови како резултат на разликите во начинот на премерување, размерот на изготвување на катастарските планови или грешки кои се резултат на одржување на катастарот на земјиште, ажурирање на податоците може да се врши и без геодетски елаборат, врз основа на изјави за согласност дадени од носителите на правата запишани во идеални делови, заверени кај нотар.
(6) Формата и содржината на изјавата од ставот (5) на овој член ја пропишува Управниот одбор на Агенцијата."
Ставовите (5) и (6) стануваат ставови (7) и (8).

**Член 9**

Членот 235 се менува и гласи:
"Од Графичкиот регистар за градежно земјиште се издава извод, нумерички податоци, како и други податоци за градежното земјиште."

**Член 10**

Членот 265 се брише.

**Член 11**

(1) Органот надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот и единиците на локалната самоуправа, кои во рокот утврден во членот 267 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" број 55/13, 41/14 и 115/14) не ги доставиле податоците од урбанистичките планови и урбанистичко-планскатадокументација во електронска форма, компатибилна со формата на катастарските планови, се должни истите да ги достават до Агенцијата во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) Канцелариските геодетски работи за посебни намени кои се однесуваат на изготвување на нумерички податоци заради реализација на урбанистичките планови и урбанистичко-планската документација, Агенцијата ќе ги врши по доставувањето на податоците од ставот (1) на овој член во Графичкиот регистар за градежно земјиште, а до истекот на рокот од ставот (1) на овој член овие работи ќе ги извршуваат трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи.

**Член 12**

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".